**Известување за концентрација со која Јунајтед Груп Бугарија ЕООД од Бугарија ќе стекне самостојна контрола над Вива Телеком Бугарија ООД од Бугарија (предмет бр. 08-93 од 22.11.2019 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 22.11.2019 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошен текст: Комисијата) доставено е известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна Јунајтед Груп Бугарија ЕООД (Юнайтед Груп България) со регистрирано седиште на ул. Алабин бр.56, 2ри спрат, 1000 Софија, Бугарија, на самостојна контрола над Вива Телеком Бугарија ООД (Вива Телеком България) со регистрирано седиште на ул. Проф. Фридтјоф Нансен, бр. 37А, 5ти спрат, 1142 Софија, Бугарија.

Јунајтед Груп Бугарија ЕООД е контролирано од инвестицискиот фонд BCEC X, крајно советувани од БЦ Партнерс (BC Partners), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. Јунајтед Груп Бугарија ЕООД е дел од потесната група во рамки на БЦ Партнерс - Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува на Балканот телекомуникациски услуги и услуги поврзани со содржини.

Вива Телеком Бугарија ООД претставува првиот телекомуникациски оператор во Бугарија, кој обезбедува персонализирани услуги на своите клиенти: мобилни и фиксни гласовни услуги; широкопојасен пристап на интернет со голема брзина преку оптички влакна, бакар и сателитска инфраструктура; услуги за пренос на податоци преку мобилни и фиксни мрежи; и индивидуални телекомуникациски решенија.

Во Република Северна Македонија, Вива Телеком Бугарија ООД нема регистрирани зависни друштва, додека БЦ Партнерс е активен преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа;

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, Северна Македонија, а кое се бави со маркетиншки дејности.

Подносителот смета дека дефиницијата на релевантниот пазар на стоки може да остане отворена бидејќи, без оглед на усвоената дефиниција, предложената концентрација нема да има било какво влијание на конкуренцијата во Северна Македонија имајќи предвид дека Целното друштво не е активно во Северна Македонија. Алтернативно, релевантниот пазар на стоки за пријавената концентрација би можел да се дефинира како (i) обезбедување услуги на фиксна телефонија; (ii) обезбедување на услуги на мобилна телефонија; (iii) обезбедување услуги на широкопојасен пристап на интернет; и (iv) дистрибуција на медиумски содржини, имајќи ги во предвид претежните деловни активности на Целното друштво. Релевантниот географски пазар може да се дефинира како Република Северна Македонија

25.11.2019 година

Скопје